# Кривична пријава против лица од Штип и Виница за „присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“

13/03/2026



СВР Велес до Основното јавно обвинителство Велес поднесе кривична пријава против В.Д.(46) од Виница и З.Н.(49) од Штип, поради постоење основи за сомнение дека сториле кривично дело „присвојување на добра под привремена заштита или културно наследство или природни реткости“, казниво по член 265 од Кривичниот законик. На 18.09.2025, во населба Превалец во Велес, полициски службеници од СВР Велес, сопреле патничко возило „шевролет“ со винички регистарски ознаки, управувано од В.Д., а сопатник бил З.Н. и при преглед во возилото биле пронајдени и одземени над 300 парчиња муниција и пушка, без соодветна документација и разновиден алат, по што тие биле лишени од слобода и задржани во полициска станица, а за настанот бил известен јавен обвинител. Увид на одземените предмети извршил кустос советник-археолог, кој констатирал дека пронајдените пушка, метална каса за муниција и куршуми се третираат како дел од културно наследство.

← Претходно

Следно →



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2026 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.